**Влада на Република Северна Македонија**
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -
Одделение за соработка со невладини организации

# Информација

## за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија во 2017 година

Скопје, јуни 2019 година

## 1. Вовед

Една од приоритетните цели на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020 е унапредување на системот на државно финансирање на граѓанските организации. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, на 11. тематска седница, одржана на 19.3.2019 година, ја разгледа Информацијата за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија во 2018 година и планирани средства во 2019 година, подготвена од Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат, како појдовна основа за изработка на сеопфатна анализа на државното финансирање на граѓанските организации во нашата земја и споредба со државите од регионот, со цел, согласно мерката 6 од Стратегијата, воспоставување транспарентен и доверлив модел за државно финансирање со воспоставување единствен фонд за институционален развој на граѓанските организации и за кофинансирање на ЕУ проекти.

Информацијата беше разгледана и усвоена од страна на Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 16.4.2019 година, а согласно заклучоците на Владата, органите на државната управа доставија до Генералниот секретаријат податоци за финансиска поддршка на здруженија и фондации во 2017 година, вклучително и податоци за правниот основ за доделување на средствата. Исто така, беа побарани и појаснувања за спроведени консултации со граѓански организации при утврдување на приоритетите за финансирање, начинот на објавување на огласите за финансиска поддршка, критериумите и постапката за избор, составот на комисиите за евалуација на предлог-проектите и учество на претставници на граѓански организации во нив и начинот на објавување на одлуките за распределба на средствата, како и за начинот на спроведување на мониторингот на имплементацијата на одобрените проекти и доделената финансиска поддршка.

Финансиската поддршка на граѓанските организации од средствата на Буџетот на Република Северна Македонија е уредена во Законот за здруженија и фондации и Законот за игрите на среќа и забавните игри, но постојат и други закони во кои е предвидена можност за финансиска поддршка на здруженијата и фондациите, како на пример: Законот за животна средина, Законот за култура, Законот за заштита на потрошувачите, Законот за социјална заштита, Законот за инвалдиските организации, Законот за Црвен крст на РМ, Законот за Сојузот на борците од Народноослободителната и Антифашистичката војна на Македонија и др. Средствата од Буџетот наменети за финансирање на активности на граѓанските организации се предвидени во буџетската ставка 463-Трансфери до невладини организации, но некои органи на државната управа предвидуваат средства за оваа намена и преку ставката 464-Разни трансфери.

Во 2017 година, девет органи на државната управа обезбедиле средства за финансиска поддршка на здруженија и фондации и тоа: Министерство за одбрана,

Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура, Министерството за животна средина и просторно планирање, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Агенцијата за млади и спорт.

Останатите органи на државната управа, како што се: Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерство за надворешни работи, Фондот за иновации и технолошки развој како и Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, во Буџетот за 2017 година немале средства за финансиска поддршка на здруженија и фондации.

Во 2017 година доделени се вкупно 320.737.803,00 денари финансиска поддршка на здруженија и фондации, од кои 315.427,00 денари (98,32%) се доделени по пат на јавен оглас на 663 здруженија и фондации, а 5.310.800,00 денари (1,68%) се доделени во постапка без јавен оглас на 14 здруженија и фондации.

## 2. Финансиска поддршка на здруженија и фондации во 2017 година, по институции

На седницата одржана на 22.6.2017 година, **Владата на Република Северна Македонија** донесе Одлука за престанување на важење на Одлуката за распределба на средства од Буџетот за 2017 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации, поради што средствата планирани во Буџетот за 2017 година, потпрограма 10-Администрација, ставка 463 – Трансфери до невладини организации, не се распределени. Генералниот секретаријат во 2017 година има доделено 630.000,00 денари на 4 здруженија, врз основа на договор за донација или согласно член 4 од Деловникот за работа на Владата.

**Министерството за одбрана** за 2017 година, без јавен оглас додели 2.899.800,00 на едно здружение, од планираните 4.000.000,00 денари. Финансиските средства се доделени согласно член 132 од Законот за одбрана и Јавно овластување од министерот за одбрана во остварување на обуката на резервните воени старешини за учество во одбраната на Република Македонија бр.02-3920/5 од 24.11.1998 година, Согласност од министерот за одбрана бр.07-4980/1 од 30.07.2002 година, Согласност од министерот за одбрана бр.02-3769/2 од 27.08.2003 година и Препорака од заменик министерот за одбрана бр.07-2171/1 од 24.03.2011 година.

**Министерството за економија**, по пат на јавен оглас, додели 8.212.041,00 денари, од кои:

- 4.242.041,00 денари на 28 здруженија и фондации, преку Секторот за претприемништво и конкурентност на мали и средни претпријатија, согласно Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за

2017 година, Област А. Поддршка и развој на мали и средни претпријатија, Мерка 1.2 и Мерка 6;

- 550.000,00 денари на една организација на потрошувачите преку Секторот за внатрешен пазар, врз основа на член 49 став 1 и член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната, а во врска со член 121 и член 128 став 2, 3 и 4 од Законот за заштита на потрошувачите и врз основа на делот А. Активности за 2017 година, точка 1. Министерство за економија, од Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2017-2018 година;
- 1.600.000,00 денари на 10 здруженија и фондации преку Сектор за индустриска и инвестициска политика, врз основа на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017 година Дел II, област В Поддршка и развој на кластерското здружување, мерка 1 Поддршка на проекти од кластерските здруженија;
- 1.820.000,00 денари на 23 здруженија и фондации преку Сектор за туризам, врз основа Програмата за развој на туризмот за 2017 година.

**Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство** додели вкупно 1.452.000,00 на 6 здруженија и фондации, а согласно Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2017 година, и согласно член 4, став (2) алинеја 2 од Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој.

**Министерството за здравство** додели 14.600.000,00 денари на 13 здруженија и фондации, по пат на јавен оглас. Финансиските средства се дододeлени врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, член 16 став 2 и 3 од Законот за здравствената заштита и Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Македонија за 2017.

**Министерството за труд и социјална политика** во 2017 година додели вкупно 82.176.679,00 денари на здруженија и фондации, од кои 81.846.679,00 денари по пат на јавен оглас и 330.000,00 денари без јавен оглас. Во средствата доделени по пат на јавен оглас спаѓаат: 62.999.996,00 денари за поддршка на програмски активности на Национални инвалидски организации, здруженија за борба против семејно насилство и програмски активности на Црвен крст на РМ, согласно Законот за игри на среќа и забавни игри, 17.446.683,00 денари за организирано живеење со поддршка за лица со попреченост во менталниот развој над 18 години во 18 станбени единици, а 1.400.000,00 денари се доделени на 4 здруженија за проекти во областа на социјалната заштита. Во средствата доделени без јавен оглас спаѓаат: 330.000,00 денари доделени на 3 здруженија реализирани преку договор за донација.

**Министерството за култура** во 2017 година, по пат на јавен оглас, поддржа 434 проекти на здруженијата, со вкупно 108.338.627,00 денари од различни дејности од областа на културата, и тоа: музичка и музичко-сценска дејност – 112 проекти со вкупно 53.490.000,00 денари; фолклорна и сценско-уметничка дејност - 118 проекти со вкупно 19.210.000,00 денари; драмска дејност – 39 проекти со вкупно 18.240.000 денари; културно-уметнички манифестации – 58 проекти со вкупно 8.849.152 денари; визуелни уметности архитектура и дизајн – 48 проекти со вкупно 3.315.000,00 денари; културното наследство при Министерството за култура – 56 проекти со вкупно 4.744.475,00 денари; 3 проекти со вкупно 490.000,00 денари.

**Министерството за животна средина и просторно планирање** во 2017 година, по пат на јавен оглас, додели 16.000.000,00 денари на 41 граѓански организации, согласно Програмата за инвестирање во животната средина за 2017 година.

**Агенцијата за млади и спорт** во 2017 година, додели 86.429.656,00 денари на 94 здруженија од дејноста спорт. Финансиските средства се доделени по пат на јавен оглас -конкурс за распределба на средства за 2017 година од Програмата за распределба на средства од игри на среќа и забавни игри за 2017 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Македонија и Програмата за развој на спорт и млади за 2017 година.

Известувањата од органите на државната управа се дадени во прилог и се составен дел на оваа информација.

| Финансиска поддршка на здруженија/фондации во 2017 година | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Институции | Вкупно доделени средства на здруженија/фондации во 2017 (во денари) | Вкупно доделени средства на здруженија/фондации во 2017 со јавен оглас (во денари) | Вкупно доделени средства на здруженија/ фондации во 2017 без јавен оглас (во денари) | Број на здруженија/ фондации кои добиле финансиска поддршка | Број на здруженија/ фондации кои добиле средства со јавен оглас | Број на здруженија/ фондации кои добиле средства без јавен оглас |
| 1. Влада – Генерален секретаријат | 630.000,00 | 0 | 630.000,00 | 4 | 0 | 4 |
| 2.Министерство за одбрана | 2.898.800,00 денари | 0 | 2.898.800,00 денари | 1 | 0 | 1 |
| 3.Министерство за економија | 8.212.041,00 | 8.212.041,00 | 0 | 62 | 62 | 0 |
| 4.Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | 1.452.000,00 | 0 | 1.452.000,00 | 6 | 0 | 6 |
| 5.Министерство за здравство | 14.600.000,00 | 14.600.000,00 | 0 | 13 | 13 | 0 |
| 6.Министерство за труд и социјална политика | 82.176.679,00 | 81.846.679,00 | 330.000,00 | 21 | 18 | 3 |
| 7.Министерство за култура | 108.338.627,00 | 108.338.627,00 | 0 | 434 | 434 | 0 |
| 8.Министерство за животна средина и просторно планирање | 16.000.000,00 | 16.000.000,00 | 0 | 41 | 41 | 0 |
| 9. Агенција за млади и спорт | 86.429.656,00 | 86.429.656,00 | 0 | 95 | 95 | 0 |
| **Вкупно** | **320.737.803,00** | **315.427.003,00** | **5.310.800,00** | **677** | **663** | **14** |


Финансиска поддршка на здруженија/фондации во 2017
120.000.000
110.000.000
100.000.000
90.000.000
80.000.000
70.000.000
60.000.000
50.000.000
40.000.000
30.000.000
20.000.000
10.000.000
0
ГС
МО
МЕ
МЗШВ
МЗ
МТСП
МК
МЖСП
АМС
Вкупно доделени средства во 2018
Вкупно доделени средства по пат на јавен оглас
Вкупно доделени средства без јавен оглас


Финансиска поддршка на здруженија/фондации во 2017
Вкупно доделени средства по пат на јавен оглас 98,32%
Вкупно доделени средства без јавен оглас 1,68%